Врз основа на член 157 точка 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на РМ" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 13/16, 27/16, 120/16 и 132/16) и член 24 од Законот за сметководтсво на Буџетот и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр.61/02, 98/02, 81/05 и 24/11), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 27 февруари 2018 година, донесе

# О Д Л У К А

## за усвојување на Завршната сметка на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2017 година

Член 1

Се усвојува Завршната сметка на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2017 година (во натамошниот текст: Фонд), со следните приходи и расходи:

**во денари**

| | **Планирани** | **Остварени** |
|---|---|---|
| Вкупни приходи | 65.178.000.000,00 | 65.319.962.099,00 |
| Пренесени средства од 2016 год. | | 1.182.429.434,00 |
| Вкупни расходи | 65.178.000.000,00 | 65.148.942.835,00 |
| Вишок на приходи | | 1.353.448.698,00 |

Член 2

Планираните и остварените приходи по извори и видови на приходи и извршените расходи по основни намени се утврдени, и тоа:

| Шифра | ВИД НА ПРИХОДИ ОДНОСНО РАСХОДИ | РЕБАЛАНС НА БУЏЕТ 2017 ГОДИНАсо пренамени | ОСТВАРЕНО ВО 2017 ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ | 65.178.000.000,00 | 65.319.962.099,00 |
| | ИЗВОРНИ ПРИХОДИ | 36.571.851.000,00 | 36.768.106.560,00 |
| 712 | **Придонеси од плати за социјални фондови** | 35.484.851.000,00 | 35.613.897.716,00 |
| 712111 | Придонес од добивка за ПИО за стаж на осигурување што се смета со зголемено траење | 428.000.000,00 | 439.420.237,00 |
| 712113 | Придонес од плати за ПИО за работници кај правни лица | 30.823.000.000,00 | 31.811.503.537,00 |
| 712114 | Придонес од плати на вработени кај физички лица кои вршат самостојна дејност | 113.490.000,00 | 0,00 |
| 712116 | Придонес за ПИО на физички лица кои вршат самостојна дејност | 641.481.000,00 | 764.437.179,00 |
| 712117 | Придонес за продолжено пензиско и инвалидско осигурување | 23.760.000,00 | 18.942.220,00 |
| 712121 | Придонес за ПИО за вработени кај странски и меѓународни органи и организации и дипломатски и конзуларни претставништва | 293.750.000,00 | 170.774.833,00 |
| 712122 | Придонес за ПИО за изминати години | 2.753.330.000,00 | 2.269.382.129,00 |
| 712124 | Придонес за ПИО за индивидуални земјоделци | 135.000.000,00 | 131.456.016,00 |
| 712125 | Придонес за ПИО што го плаќа ФПИОМ за корисниците на надоместоците по основ на инвалидност | 0,00 | 199.439,00 |
| 712411 | Придонес за ПИО што го плаќа Агенцијата за вработување на РМ на невработени лица | 10.000.000,00 | 7.770.898,00 |
| 712412 | Придонес за ПИО за боледување над 21 ден од Фондот за здравствено осигурување | 259.940.000,00 | 11.228,00 |
| 712413 | Придонес за ПИО што го плаќа ФПИОМ за корисниците на надоместоците по основ на инвалидност | 1.550.000,00 | |
| 712414 | Придонес за ПИО што го плаќа Центарот за социјални работи и надоместок на плата за скратено работно време поради нега на хендикепирано дете | 1.550.000,00 | 0,00 |
| 714 | ДОМАШНИ ДАНОЦИ НА СТОКИ И УСЛУГИ | 1.087.000.000,00 | 1.154.208.844,00 |
| 714212 | Акциза на моторен бензин | 1.087.000.000,00 | 1.154.208.844,00 |
| 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 132.000.000,00 | 91.791.715,00 |
| 721 | **Претприемачки приходи и приходи од имот** | 0,00 | 344,00 |
| 721311 | Камати од депозити во комерцијални банки | | 344,00 |
| 723 | **Такси и надоместоци** | 26.000.000,00 | 16.783.391,00 |
| 723911 | Закупнини од објекти | 26.000.000,00 | 16.783.391,00 |
| 725 | **Други неданочни приходи** | 106.000.000,00 | 75.007.980,00 |
| 7259 | Останати неданочни приходи | 106.000.000,00 | 75.007.980,00 |
| 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 3.000.000,00 | 3.034.952,00 |
| 734 | **Приходи од дивиденди** | 3.000.000,00 | 3.034.952,00 |
| 734111 | Дивиденда по основ на акции стекнати од | 3.000.000,00 | 3.034.952,00 |
| 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 28.461.149.000,00 | 28.457.028.872,00 |
| 741 | **Трансфери од други нивоа на власт** | 28.461.149.000,00 | 28.457.028.872,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 124.500.000,00 | 120.976.062,00 |
| 741112 | Трансфери од Буџетот на РМ | 28.336.649.000,00 | 28.336.052.810,00 |
| | | | |
| **77** | **ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **10.000.000,00** | **0,00** |
| **771** | **Продажба на хартии од вредност** | **10.000.000,00** | **0,00** |
| 771212 | Приходи од продажба на удели, акции и други хартии од вредност | 10.000.000,00 | 0,00 |
| | | | |
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **65.178.000.000,00** | **65.148.942.835,00** |
| | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **65.178.000.000,00** | **65.148.942.835,00** |
| **40** | **Плати, наемнини и надоместоци за вработените** | **246.700.000,00** | **241.879.682,00** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | 178.850.000,00 | 175.468.555,00 |
| 402 | Придонес за социјално осигурување од | 66.150.000,00 | 64.825.181,00 |
| 404 | Надоместоци | 1.700.000,00 | 1.585.946,00 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **159.250.000,00** | **145.052.157,00** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.800.000,00 | 869.512,00 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и | 53.350.000,00 | 51.482.133,00 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за | 13.450.000,00 | 8.429.368,00 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 33.600.000,00 | 31.575.039,00 |
| 425 | Договорни услуги | 24.100.000,00 | 20.975.567,00 |
| 426 | Други тековни расходи | 32.950.000,00 | 31.720.538,00 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **6.550.000,00** | **10.924.312,00** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 1.959.000,00 | 545.999,00 |
| 464 | Разни трансфери | 1.400.000,00 | 1.078.052,00 |
| 465 | Исплата по извршни исправи | 3.191.000,00 | 9.300.261,00 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **64.745.000.000,00** | **64.735.103.900,00** |
| **472** | **Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ** | **64.745.000.000,00** | **64.735.103.900,00** |
| 472110 | Плаќања до пензионери од Фондот за ПИОМ | 51.466.000.000,00 | 51.465.927.898,00 |
| 472210 | Плаќања до инвалидите од Фондот за ПИОМ | 7.000.000,00 | 4.472.212,00 |
| 472310 | Плаќање по основ на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување | 6.259.000.000,00 | 6.253.132.798,00 |
| 472410 | Придонес за здравствено осигурување на | 6.572.000.000,00 | 6.571.272.462,00 |
| 472910 | Исплати за солидарен фонд за починати | 441.000.000,00 | 440.298.530,00 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **20.500.000,00** | **15.982.784,00** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 10.030.000,00 | 8.051.792,00 |
| 481 | Градежни објекти | 8.470.000,00 | 5.931.010,00 |
| 486 | Купување на моторни возила | 2.000.000,00 | 1.999.982,00 |

Член 3

Извештајот за финансиското работење на Фондот за 2017 година со остварените приходи и извршените расходи е составен дел на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 02-1101/1
27.02.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА УПРАВЕН ОДБОР,
Боро Варошлија

# ИЗВЕШТАЈ

## за финансиското работење на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2017 година

Со Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2017 година, како и Ребалансот на Буџетот за 2017 година, донесен на 06 август 2017 година како составен дел на Буџетот на Републиката, планирано беше финансиското работење на Фондот да се оствари со избалансирани приходи и расходи. Основ за остварување баланс меѓу приходите и расходите беа макроекономските индикатори за зголемување на приходите од придонесите за 4,5% (2,3% од предвидениот пораст на платите и 2,2% пораст на вработеноста), како и обезбедување средства од Буџетот на Републиката за редовните обврски, за транзиционите трошоци и покривање на дефицитот на Фондот. Порастот на платите и вработеноста, се најзначаен фактор од кој се пресметува и плаќа придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и значајно влијаат на износот на остварените приходи на Фондот.

Стручната служба на Фондот редовно ја следеше финансиската состојба и констатира дека во првото и второто тримесечје од 2017 година, планираните приходи не се извршуваа во предвидениот обем, а расходите за исплата на пензиите се извршуваа зголемено над планираните средства со Буџетот на Фондот за 2017 година.

Со Буџетот на Фондот за 2017 година, беше предвидено да се остварат вкупни приходи и вкупни расходи во износ од 63.934,70 милиони денари. Со изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот, вкупните приходи и расходи се предвидеа да изнесуваат 65.178,00 милиони денари.

Во периодот јануари–мај 2017 година, во реализацијата на приходите и расходите имаше неостварување на планираните приходи и Фондот поради тоа користеше позајмици од Буџетот на Републиката за исплата на пензиите, а која редовно ја враќаше во тековниот месец од приливите. За констатираните состојби беа известени надлежните министерства, кои ги отпочнаа активностите

во нивна надлежност за подготвување на измените и дополнување на Буџетот на Фондот и Буџетот на Републиката за 2017 година.

Овој недостаток на средства продолжи и во наредниот период и редовно се остваруваа поголеми расходи од приходи во Буџетот. Од овие причини, се пристапи кон измена и дополнување на Буџетот на Фондот за 2017 година. Измените и дополнувањето на Буџетот на Фондот за 2017 година почнаа да се применуваат од август 2017 година.

Со изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот за 2017 година, вкупните приходи и вкупните расходи се зголемија за 1.243,3 милиони денари и истите се оценија на 65.178,00 милиони денари. Изменувањето на Буџетот за 2017 година, во делот на приходите се однесуваше на зголемување на трансферните средства од 628,57 милиони денари, а исто така се зголемени и приходите од придонеси за 518,13 милиони денари, 112,6 милиони денари приходите од акцизи, 8,00 милиони денари од такси и надоместоци, 2,00 милиони денари приходи од дивиденда, а намалени се за 26,00 милиони денари другите неданочни приходи, или вкупно 1.243,30 милиони денари, додека во делот на расходите зголемени се средствата за задолжително финансирано пензиско осигурување за 500,00 милиони денари, 631,00 милион денари средствата за исплата на пензии, 93,00 милиони денари за придонес за здравство, 50,00 милиони денари за Солидарен фонд, 0,19 милиони денари за исплата по извршни исправи, а намалени се за 16,7 милиони денари средствата за исплата на плати и надоместоци, за 10,15 милиони денари се намалени стоки и услуги, 1,00 милион денари за градежни објекти, 3,00 милиони денари за инвалиднини и 0,04 милиони денари за трансфери до невладини организации.

Фондот, покрај трансферните средства од Буџетот на Републиката утврдени со Буџетот на Фондот за 2017 година, користеше и дополнителни средства во вид на позајмица. Висината на позајмицата во периодот јануари-декември 2017 година се движеше од 400,00 милиони денари во јануари, 450,00 милиони денари во февруари, 450,00 милиони денари во март, 300,00 милиони денари во април, 700,00 милиони денари во мај, 800,00 милиони денари во јуни,

600,00 милиони денари во јули, 800,00 милиони денари во август, 600,00 милиони денари во септември, 6,00 милиони денари во октомври, 800,00 милиони денари во ноември и 600,00 милиони денари во декември 2017 година, или во просек позајмицата изнесуваше 592,00 милиони денари месечно.

Во 2017 година, вкупните приходи на Фондот без пренесените парични средства од 2016 година (во износ од 1.182,43 милиони денари), изнесуваат 65.319,96 милиони денари и истите се над нивото на планираните приходи (100,22%) со Ребалансот на Буџетот на Фондот за 2017 година, а во споредба со 2016 година кога изнесуваа 61.684,96 милиони денари повисоки се за 5,89%.

Вкупните расходи на Фондот во 2017 година изнесуваат 65.148,94 милиони денари и истите се на ниво на планираните (99,96%), а во споредба со 2016 година, кога изнесуваа 61.488,47 милиони денари, се повисоки за 5,95%, или за 3.660,47 милиони денари.

Вкупно остварените приходи на Фондот во 2017 година (65.319,96 милиони денари) заедно со пренесените парични средства од 2016 година (1.182,43 милиони денари) изнесуваат 66.502,39 милиони денари, а вкупните расходи изнесуваат 65.148,94 милиони денари. Салдото на паричните средства на 31 декември 2017 година изнесува 1.353,45 милиони денари.

## 1.Вкупни приходи

**Вкупните приходи** на Фондот во износ од 65.319,96 милиони денари се остварени, и тоа: од изворни приходи, средства во износ од 35.613,90 милиони денари или 54,52% од вкупните приходи, средства од Буџетот на Републиката 28.457,03 милиони денари или 43,57%, од акцизи 1.154,21 милион денари или 1,77%, 3,03 милиони денари од приходи од дивиденда или 0,005 и од други приходи 91,79 милиони денари, или 0,14%.

**1) Изворните приходи, или средствата од придонесите ги сочинуваат, и тоа:**

- **Придонесот од плата** кој се пресметува по стапка од 18,0% на бруто платата и е основен извор за финансирање на Фондот. Во рамките на изворните приходи од придонесот од плата, остварени се средства во износ од 34.251,87

милиони денари и истиот во однос на планираните со Ребалансот на Буџетот на Фондот бележи зголемување од 0,35%, или 118,75 милиони денари.

Учеството на придонесот од плата во вкупните приходи изнесува 52,44%. Во 2017 година се наплатени вкупно 275,94 милиони денари заостанати придонеси и камати по основ на задоцнети плаќања на придонесите за ПИО до 2008 година, а заради зголемената активност на Одделението за наплата на придонеси.

- **Придонесот од доходот** се пресметува од платите на вработените на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење, според утврдени стапки во зависност од бројот на месеците кои се сметаат во стаж на осигурување со зголемено трање. Овие приходи во 2017 година изнесуваат 439,42 милиони денари и истите во вкупните приходи учествуваат со 0,67%. Остварените приходи во споредба со планираните средства со Буџетот на Фондот за 2017 година се зголемени за 2,67%, или во износ од 11,42 милиони денари.

- **Приходите од физичките лица што вршат дејност и вработени кај нив** се остварени во износ од 783,38 милиони денари и истите се повисоки за 0,60% во споредба со планираните, а како резултат на повеќе обврзници кои го плаќаат придонесот од оваа категорија на обврзници. Учеството на овие приходи во вкупните приходи на Фондот изнесува 1,20%.

- **Приходите од придонесот кои го плаќаат индивидуалните земјоделци** се остварени во износ од 131,46 милиони денари. Кај овие приходи во 2017 година се забележува намалување од 2,69% во однос на планираните средства со Буџетот на Фондот, а учеството на овие приходи во вкупните приходи на Фондот изнесува 0,20%.

- **Приходите од Агенцијата за вработување** се дозначуваат по основ на придонесот за невработени лица кои примаат паричен надоместок. Во 2017 година, по овој основ се дозначени средства во износ од 7,77 милиони денари и истите во споредба со Буџетот за 2017 година од 10,00 милиони денари, се пониски за 2,23 милиони денари, или се извршени со 77,7%. Овие средства се намалуваат секоја година поради намалувањето на бројот на лицата за кои се

плаќа придонес, поради измена на законските прописи да се плаќа придонес само за лицата кои немаат навршено 15 години пензиски стаж. Исто така, согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Агенцијата за вработување придонесот за пензиско и инвалидско осигурување го пресметува и плаќа по стапка од 18,0% на нето, наместо на бруто основица, истиот го пресметува на надоместокот (не на основицата од која е пресметан надоместокот) . Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,01%.

**2. Приходите од акцизите** се остварени во износ од 1.154,21 милион денари и истите во вкупните приходи учествуваат со 1,77%. Овие приходи се пресметуваат по стапка од 9,18% од нафтените деривати. Истите се повиски за 6,18% во однос на планираните средства.

**3. Трансферните средства од Буџетот на Републиката** се остварени во износ од 28.457,03 милиони денари, и тоа за следните намени:

- 3.050,00 милиони денари за исплата на редовните обврски остварени под поповолни услови, воени и минимални земјоделски пензии;

-19.283,65 милиони денари за покривање на тековниот дефицит на Фондот;

-6.000.000,00 милиони денари за транзициони трошоци;

-120,98 милиони денари од Министерството за одбрана, а се однесуваат за исплата на пензиите остварени според Законот за армијата и

- 2,40 милиони денари за исплатени патни трошоци за бањско-климатска рекреација на корисниците на пензија.

Остварените средства од Буџетот на Републиката се извршени во износ од 99,98% од планираните средства со Буџетот и Ребалансот на Буџетот на Фондот. Средствата за тековниот дефицит се во износ од 19.283,65 милиони денари. Учеството на приходите од Буџетот на Републиката во вкупните приходи на Фондот изнесува 43,66%. Средствата од Буџетот на Републиката е втор по големина приход и преставува значајна ставка во финансирањето на пензиското и инвалидско осигурување.

Во 2017 година, средствата од Буџетот на Републиката редовно се дозначуваа пред исплатата на пензиите според пресметките на Фондот и имаа

значајно влијание врз ликвидноста на Фондот, што овозможуваат редовна исплата на пензиите во воспоставените рокови.

**4. Приходите од дивиденда и од продажба на акции и удели** во 2017 година се остварени во износ од 3,04 милиони денари, и тоа:

- **Од дивиденда** се остварени средства во износ од 3,04 милиони денари и изнесуваат 0,005% од планираните средства со Буџетот за 2017 година,

- **Од продажба на акции и удели** не се остварени средства, бидејќи во 2017 година како изборна година, не можеше да се врши продажба подолг период и поради неатрактивност на акциите и уделите кои остануваат за продажба.

**5. Од другите приходи** остварени се средства во износ од 91,79 милиони денари и истите изнесуваат 69,54% од планираните средства со Буџетот за 2017 година. Другите приходи се однесуваат, и тоа: 16,78 милиони денари од приходи од закупнина, 19,79 милиони денари од надомест на штета, 6,42 милиони денари од вратени пензии од странство, 40,29 милиони денари од приходи остварени од минат период, 0,17 милиони денари од вратени средства од приватни фондови, 1,00 милион денари оштетни побарувања од Србија, 0,22 милиони денари вратени средства од Солидарен фонд, 4,32 милиони денари од камати по основ на ненавремени плаќања на придонес од ПИО и 2,80 милиони денари од останати приходи.

Остварените средства по видови на приходи се следните:

| Ред. Број | Вид на приход | Ребаланс на Буџет за 2017 год. | Остварено I-XII 2017 | Индекс 3:2 |
|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Придонес од плата | 34.133,12 | 34.251,87 | 100,35 |
| 2 | Придонес од доход | 428,00 | 439,22 | 102,62 |
| 3 | Приватен сектор | 778,73 | 783,38 | 100,59 |
| 4 | Индивидуални земјоделци | 135,00 | 131,46 | 97,38 |
| 5 | Приходи од Агенцијата за вработување | 10,00 | 7,77 | 77,7 |
| | **Вкупно придонеси** | **35.484,85** | **35.613,90** | **100,36** |
| 6 | Приходи од акцизи | 1.087,00 | 1.154,19 | 106,18 |
| 7 | Трансфер од Буџет на Републиката | 28.461,15 | 28.457,04 | 99,99 |
| 8 | Други приходи | 132,00 | 91,79 | 69,54 |
| 9 | Приходи од дивиденда | 3,00 | 3,04 | 101,33 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | Приходи од продажба на хартии од вредност | 10,00 | 0,00 | 0 |
| | **Вкупни приходи** | **65.178,00** | **65.319,96** | **100,22** |

Структурата на приходите е дадена во следниот графикон




Според дадената структура, најголемо е учеството на придонесот од плати од 52,44%, втор по големина е трансферот од Буџетот на Републиката со учество од 43,57% или по двата основа учеството изнесува 96,01%, додека од сите други приходи учеството изнесува 3,99%.

## II. Вкупни расходи

**Вкупните извршени расходи на Фондот** во 2017 година изнесуваат 65.148,94 милиони денари и истите во однос на Буџетот изнесуваат 99,96%.

Расходите во Буџетот на Фондот за 2017 година се однесуваат, и тоа, за: исплатата на пензиите, трансферот на средства за приватнте пензиски фондови, надоместокот за телесно оштетување, надоместоците од инвалидското осигурување и интернатско сместување на деца инвалиди, придонесот за здравствено осигурување, надоместокот на Стручната служба на Фондот,

другите трошоци, капиталните расходи, реконструкцијата на деловните објекти на Фондот и набавка на моторно возило.

1. **Расходите за пензии** изнесуваат 51.906,22 милиони денари, или 79,64% во однос на вкупните расходи, а во однос на планираните средства со Буџетот извршувањето изнесува 100,03%.

Расходите за пензии се однесуваат, и тоа: 51.522,35 милиони денари или 99,27% за исплата на редовните пензии во и надвор од Републиката; 25,60 милиони денари или 0,05% за исплата на минималните земјоделски пензии и 358,27 милиони денари или 0,68% за исплата на воените пензии.

1.1. Расходите за редовните пензии од работничко осигурување 51.522,35 милиони денари се во рамките на планираните 100,04%. Зголемувањето на расходите за пензии во однос на 2016 година се должи на усогласувањето на пензиите од 0,82% од јануари и 0,76 % од јули 2017 година. На зголемувањето на расходите за пензии влијание имаат и промените кои настануваат во износите на пензијата со приливот и одливот на корисниците на пензија, како и приливот на нови корисници на пензија по стапка од 1,56% во споредба со 2016 година.

1.2. Расходите за исплата на пензиите за минималните земјоделски пензии изнесуваат 25,60 милиони денари и истите бележат намалување од 7%, поради намалувањето на бројот на корисниците на пензија. Бројот на корисници на пензија со состојба на 31.12.2017 година изнесува 271 и истиот во однос на 2016 година (357) е намален за 86 корисници, или за 24,1%.

1.3. Расходите за исплата на воените пензии изнесуваат 358,27 милиони денари и истите се помали од планираните средства за 2,7%. Бројот на корисници на воена пензија изнесува 1.383 корисници и истиот во однос на 2016 година е намален за 104 корисници, или за 7%.

**Бројот на корисниците на пензија,** со состојба на 31 декември 2017 и 2016 година изнесува:

| Реден број | Вид на пензија | 31.12.2016 | 31.12.2017 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Старосна пензија | 190.633 | 197.383 | 103,54 |
| 2 | Инвалидска пензија | 38.343 | 36.970 | 96,42 |
| 3 | Семејна пензија | 76.790 | 76.391 | 99,48 |
| | **Вкупно** | **305.766** | **310.744** | **101,63** |
| 4 | Воени пензии | 1.487 | 1.383 | 93,00 |
| 5 | Земјоделски пензии | 357 | 271 | 75,91 |
| | **Вкупно** | **307.610** | **312.398** | **101,52** |

Вкупниот број на корисници на пензија од работничко осигурување во 2017 година во споредба со 2016 година, зголемен е за 1,3%, а заедно со минималните земјоделски и воени пензии зголемувањето изнесува 1,52%, поради намалување на корисниците на минималните земјоделски и воени пензии.

Структурата на бројот на корисници на пензија е дадена во следниот графикон:



Во рамките на вкупниот број на корисници на пензија, најголем е бројот на корисниците на старосна пензија или 197.383 корисници, што претставува повеќе од половина од бројот на корисници (63,18%), корисниците на семејна пензија изнесуваат 76.391 корисник со учество од 24,45%, на инвалидска пензија 36.970 корисници и со учество од 11,83%, на воените пензии 1.383 корисници и учество од 0,44% и на минималните земјоделски пензии 271 корисник и учество од 0,09%.

Пораст на бројот на корисниците на пензија во 2017 година е остварен кај корисниците на старосна пензија, и тоа од 3,54%, додека кај корисниците на семејна пензија има намалување за 0,52%, кај корисниците на инвалидска пензија има намалување од 3,58% додека кај воените и земјоделските пензионери има поголемо намалување. Во зголемувањето од 3,54% на корисниците на старосна пензија, влијание има зголемениот број на поднесени и решени барања за остварување на право на старосна пензија, односно исполнувањето на условите за стекнување на правото за пензија.

**Просечните пензии,** (од работничко право), по видови, во декември 2017 година изнесуваат, и тоа :

| Вид на пензија | 2017 година |
|---|---|
| Старосна пензија | 15.226 |
| Инвалидска пензија | 12.641 |
| Семејна пензија | 11.190 |
| **Вкупно** | **13.928** |
| Земјоделска пензија | 6.978 |
| Воена пензија | 21.101 |
| **Вкупно** | **13.954** |

Просечниот износ на пензија (од работничко осигурување) во декември 2017 година изнесува 13.928 денари и е резултат на извршеното усогласување на пензиите од јануари 2017година со 0,82% и од јули со 0,76%, како и на висината на

пензиите на новите корисници на пензија и на корисниците на кои им престанува правото.

Вкупната просечна пензија со воените и минималните земјоделски пензии во декември 2017 година изнесува 13.954 денари, и тоа: 15.229 денари старосна пензија, 12.641 денар инвалидска пензија и 11.190 денари семејна пензија.

Учеството на вкупната просечната пензија исплатена во декември 2017 година во просечната плата (23.196 денари за ноември 2017 година), изнесува 60,15%.

2. Расходите **за плаќање на придонесите на членовите во приватните пензиски фондови** изнесуваат 6.253,13 милиони денари. Овие расходи се извршени на ниво од 99,75% во однос на планираните средства со Ребалансот на Буџетот на Фондот и извршени пренамени од вишок на средства. Бројот на осигурениците -членови во приватните пензиски фондови, на 31.12.2017 година изнесува 457.266 членови, или повеќе за 30.241 член, поради задолжителното зачленување во приватните пензиски фондови на сите нововработени. Расходите за плаќање до приватните пензиски фондови изнесуваат 9,59% од вкупните расходи на Фондот.

3. Расходите **за паричен надоместок за телесно оштетување** изнесуваат 85,25 милиони денари и истите во вкупните расходи учествуваат со 0,13%. Паричен надоместок се исплаќа на 10.042 корисници.

4. Расходите **за надоместоците на правата од инвалидското осигурување** изнесуваат 4,47 милиони денари. Надоместоците од инвалидското осигурување во 2017 година во споредба со планираните средства со Буџетот на Фондот, се извршени со 63,86%.

5. За **интернатско сместување на деца инвалиди,** во 2017 година се потрошени средства во износ од 0,55 милион денари и истите се пониски со планираните средства со Буџетот на Фондот.

6. За **придонесот за здравствено осигурување** на корисниците на пензија, во 2017 година се исплатени средства во износ од 6.571,28 милиони

денари, или 10,08% во однос на вкупните расходи што е на нивото на планираните средства со Буџетот на Фондот за 2017 година. Согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, стапката на придонес изнесува 13,0% на исплатените пензии. Треба да се напомене дека околу 160,41 милиони денари остана неплатен придонес за здравствено осигурување, односно како обврска се пренесе да се исплати во јануари 2017 година.

7. **Платите на вработените на Стручната служба на Фондот и надоместоците,** во 2017 година изнесуваат 241,88 милиони денари, или 0,37% во однос на вкупните расходи. Извршените расходи за платите на вработените на Стручната служба се под нивото на планираните средства за 1,67%, а упразнетите места не се пополнети, од причини што согласно антикризните мерки на Владата на Република Македонија, не се пополнети работните места за пензионираните работници од Фондот.

8. **Другите расходи** во 2017 година се извршени во износ од 155,43 милиони денари, или 0,24% во однос на вкупните расходи. Овие трошоци во однос на планираните се извршени со 94,89%. Извршените трошоци се однесуваат, и тоа: 51,48 милиони денари за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт; 8,43 милиони денари за канцелариски материјал, средства за хигиена и материјали за АОП; 31,58 милиони денари за поправки и сервисирање на софтверска и друга опрема, на возила, како и тековно одржување на деловните објекти, 20,98 милиони денари за банкарска провизија, за плати за вработени по договор на дело, за персонален данок за договор на дело, за услуги за копирање и печатење на материјали, плаќање на судски такси, за осигурување на недвижности и права и друго; 31,72 милиони денари за други тековни расходи за репрезентација, за микрофилмување на податоци за стажот на осигурување и платите во Матична евиденција во Фондот, 0,87 милиони денари за патни расходи и 10,37 милиони денари за исплати по извршни исправи и други трошоци.

9. **Капиталните трошоци** се извршени во износ од 8,05 милиони денари, кои во споредба со планираните средства за оваа намена (во износ од 10,03

милиони денари), се извршени со 80,0%. Во 2017 година овие средства се потрошени за купување на информатичка и канцелариска опрема.

10. **Трошоците за реконструкција на деловните објекти** се извршени во износ од 5,93 милиони денари, со Буџет беа предвидени 8,47 милиони денари, и тоа за реконструкција на објектите во Делчево, Битола и Централа – Скопје, во домовите за живеење на корисниците на пензија во Гостивар, Делчево, Автокоманда и Ѓорче Петров – Скопје.

11. **Набавка на 2 моторни возила и едно теренско моторно возило,** се извршени за потребите на Стручната служба на Фондот, бидејќи истите се доста застарени и дотраени. Набавката е извршена за износ од 1,99 милиони денари, колку што се предвидени средства за таа намена.

Вкупните расходи на Фондот се дадени во следната табела:

| Ред. Број | Вид на расход | Буџет за 2017 год. | Остварено I-XII 2016 | Остварено I-XII 2017 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Вкупно пензии и телесно оштетување | 51.897,00 | 48.334,60 | 51.906,22 | 100,01 | 107,39 |
| 2 | Плаќ.по основ на задол.кап.осиг. | 6..269,00 | 6.373,96 | 6.253,13 | 99,75 | 98,01 |
| 3 | Надоместоци од инвалидско осигурување | 7,00 | 5,45 | 4,48 | 64,00 | 82,20 |
| 4 | Придонес за здраствено осигурување | 6.572,00 | 6.335,8 | 6.571,28 | 99,99 | 103,72 |
| 5 | Плати и надоместоци | 246,70 | 249,17 | 241,88 | 98,04 | 97,07 |
| 6 | Други расходи, капитални трошоци и реконструкција на деловни објекти | 186,30 | 189,49 | 171,95 | 92,97 | 90,74 |
| | **Вкупни расходи** | **65.178,00** | **61.488,47** | **65.148,94** | **99,96** | **105,95** |

Структурата на вкупните расходи на Фондот е следната




Во структурата на вкупните расходи, најголемо е учеството на расходите за пензии и телесно оштетување од 79,67%, и за расходот за придонесот за здравствено осигурување од 10,09%, или учеството на бруто пензиите во вкупните расходи изнесува 89,76%. Другите расходи учествуваат, и тоа: 9,60% од плаќањата по основ на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, 0,01% од паричните надоместоци од инвалидско осигурување, 0,37% од платите за вработените и надоместоците и 0,26% од другите расходи.

## III. Финансиски резултат

Во 2017 година, Фондот оствари вкупни приходи во износ од 65.319,96 милиони денари и вкупни расходи од 65.148,94 милиони денари, или вишок на приходи во износ од 171,02 милиони денари. Со пренесените парични средства од 2016 година во износ од 1.182,43 милиони денари, салдото на паричните средства на 31.12.2017 година изнесува 1.353,45 милиони денари.

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Буџетот на Република Македонија за 2017 година, Фондот во целост и навремено ги изврши сите активности согласно законот, односно редовна и навремена исплата на пензиите во првата недела од месецот, како и придонесите за здравство за корисниците на пензија и трошоците на Стручната служба.

Скопје, февруари 2018 година.